## СИМЕОН ЃАНКОВ

ДИРЕКТОР НА ОДДЕЛ ЗА РАЗВОЈНА ЕКОНОМИЈА ВО СВЕТСКА БАНКА

# ВИ ТРЕБААТ ПОСИЛНИ УНИВЕРЗИТЕТИ ЗА ПОСИЛНА ЕКОНОМИЈА






**Конкретно во Северна Македонија, во нашите анализи забележуваме дека високото образование, односно универзитетите, многу заостануваат. Конкретно властите може да се насочат кон тоа што може да се направи така што студентите кои што излегуваат од универзитетите, да го имаат образованието што му е потребно на бизнисот. Сега излегуваат многу студенти кои всушност не му се потребни на бизнисот и спротивно, бизнисот има потреба од други вештини. Наместо студентите да се специјализираат само за една одредена област, односно да учат на пример за инженери, или само правни науки, иднината на светската економија е во пошироко образование. Односно, во текот на дигитализацијата работниците треба да бидат пофлексибилни со што е можно повеќе вештини и квалификации, да можат во исто време да работат повеќе различни работи. Тоа е особено изразен проблем на универзитетите овде и во Бугарија, што ние ги подготвуваме студентите тесно само за една работа. Од таа гледна точка, новинарите на пример се во добра позиција, бидејќи вие знаете да правите повеќе работи во исто време.**

разговара:
**Александар Јанев**
aleksandar.janev@kapital.mk

Н

Новиот состав на Европската Комисија треба да се фокусира на забрзување на евроинтеграциите во земјите од Западен Балкан и Северна Македонија, вели во разговорот што го направивме Симеон Дјанков, поранешен министер за финансии на Бугарија и актуелен директор за развојна економија во Светската банка во Вашингтон.

Тој вели дека сега по европските избори, новиот состав на Комисијата и на Парламентот, веќе не може да имаат изговори како мигрантите или Брегзит за интеграција на регионот во Европската Унија.

"Сметам дека следниот состав на Европската Комисија и Европскиот парламент ќе бидат многу понасочени кон довршување на интеграцијата. Затоа кажувам сега е моментот да работиме во таа насока. Последните неколку години поминаа прво занимавајќи се со темата миграции од Африка и Блискиот Исток, и последните две години со Брегзит. И во тој период на Комисијата забави со се останато. Следната Комисија може да ги доврши работите во Западен Балкан, прво почнувајќи со интегација на патишта и енергетика, и потоа да заврши и политичката интеграција којашто е важна за вас, но е важна и за Бугарија, Грција, Австрија, важна за целата Европска Унија. Мислам дека тоа ќе ја направи разликата во целото расположение во ЕУ".

Дјанков вели дека земјите од регионот сега ќе имаат гомеа поддршка од ЕУ да работат на поврзување меѓу себе но и со остатокот од Европа со соодветна инфраструктура.

„Основната тема која што во следните пет години според мене ќе има голема поддршка од Брисел и од други европски држави е транспортни коридори. Транспортните и. енергетските коридори да ги градиме заедно. Коридорот 8 на пример е коридор за кој многу се зборува и тој зависи од неколку држави, и ако една држава повеќе напредува а друга заостанува, реално целиот процес забавува. Така што политичарите во овој регион може да се караат за други теми но треба да се разберат енергетиката и патиштата да ги градиме заедно. Тоа според мене може да се направи во следните три до пет години, и ќе го забрза економскиот развој на регионот"

Во меѓувреме, додека Северна Македонија чека да ги почне преговоите за влез во ЕУ, Дјанков вели дека земјата мора да работи на надминување на домашните проблеми. Според него, основни се реформите во образовниот систем, особено во високото образование.

„Конкретно во Северна Македонија една од темите за која што веќе спомнав е образованието. Образованието во различни етапи, основно, средно и високо образование. Во нашите анализи забележуваме дека високото образование, односно универзитетите, многу заостануваат. Конкретно властите може да се насочат кон тоа што може да се направи така што студентите кои што излегуваат од универзитетите, да го имаат образованието што му е потребно на бизнисот. Сега излегуваат многу студенти кои всушност не му се потребни на бизнисот и спротивно, бизнисот има потреба од други вештини. Другата голема тема е социјален развој, бидејќи дигиталните технологии има помагаат на некои луѓе и некои професии во големи градови како Скопје, побрзо да се интегрираат глобално. Но во помалите градови и селата спротивното, интеграцијата е побавна, Така што ни теба социјална политика, социјални закони да помогнат, и тоа за некои лесни работи како дигитална интеграција, односно да има можност за интернет во помалите населени места, и локална инфраструктура".

Не чекајќи на евроинтеграциите, Дјанков вели дека Северна Македонија и сите други земји од Западен Балкан мора да работат повеќе на интеграција со инфраструктура.

„Интеграција во инфраструктурата од гледна точка на патишта, бидејќи иако дигиталните технологии ни помагаат да го опслужуваме цел свет, сепак ни требаат патишта за да ја пренесеме стоката од една држава во друга. Исто така и енергетска интеграција. Значи патна и енергетска интеграција така што за струја, гас, ќе имаме можност да го поврземе целиот регион. Во моментот тоа не е случај, секоја држава си има сопствена гасоводна мрежа, сопствена патна мрежа, и една голема тема во следните пет години, за следната Европска Комисија, е на Западен Балкан, но и генерално на Балканот вклучувајќи ги и Бугарија, Романија, Грција, да имаме заеднички системи на патишта, да може лесно да се минува од една држава во друга, и преку границите, и заеднички систем на енергетика. Тоа е тоа кое што можеме да го направиме"

За тоа колку е важно Северна Македонија да стане дел од ЕУ, Дјанков вели:

„Многу е важно бидејќи голем дел од успехот на Бугарија или Романија дури и на Грција во Европа или во економскиот развој е благодарение на европските фондови, во инфраструктура, во образование. Така што колку побрзо Северна Македонија и генерално




Западен Балкан влезат во ЕУ, толку подобро ќе биде за вас, но толку подобро и за нас, и за западна Европа".

## Ни треба посилно образование

Дјанков којшто во Скопје го презентираше најновиот Извештај за светскиот развој на Светска банка, вели дека најголемите проблеми за глобалната економија е што целосно се создаваат нови сектори, а некои држави се подготвени за тие трендови но некои не се.

„Технолошкиот развој ќе придонесе работните места од некои земји да се префрлат во други. Дискусијата е дали овие земји од регионот како Северна Македонија и Бугарија се подготвени за овој степен на развој, и тоа е поврзано со образованието, односно колку е квалитетен образовниот систем"

На прашањето колку дигиталните технологии го променија начинот на водење бизнис и како тоа ќе се одрази на работните места и дали има основа работниците да стравуваат дека роботи ќе ги заменат нивните работни места, Дјанков вели:

„Нема реална основа да се стравува дека работните места ќе ги заменат роботи целосно, макар што иако можеби дел од професиите ќе се роботизираат, ќе се отворат нови работни места во други сектори заради дигиталниот развој. Поголем дел од новите работни места се создаваат во секторот услуги, односно наместо само за локалниот пазар, дигитализацијата овозможува да им давате услуги од Скопје на клиенти во целиот свет. И кон ова многу придонесува дигиталната интеграција на светот и на Европа. Прашањето е дали нашиот образовен систем, средните училишта и факултетите, се доволно силни. Конкретно за Северна Македонија, средното образование е горе долу посилно, но универзитетите се многу слаби. И освен ако не се направат промени во високото образование, земјата ќе има големи проблеми во следната деценија", истакна Дјанков.

За тоа кои вештини ќе продолжат да се бараат, а за кои кадри компаниите веќе нема да имаат потреба, Дјанков одговори:

„Наместо студентите да се специјализираат само за една одредена област, односно да учат на пример за инженери, или само правни науки, иднината на светската економија е во пошироко образование. Односно, во текот на дигитализацијата работниците треба да бидат пофлексибилни со што е можно повеќе вештини и квалификации, да можат во исто време да работат повеќе различни работи. Тоа е особено изразен проблем на универзитетите овде и во Бугарија, што ние ги подготвуваме студентите тесно само за една работа.

**„Северна Македонија и сите други земји од Западен Балкан мора да работат повеќе на интеграција со инфраструктура. Интеграција во инфраструктурата од гледна точка на патишта, бидејќи иако дигиталните технологии ни помагаат да го опслужуваме цел свет, сепак ни требаат патишта за да ја пренесеме стоката од една држава во друга. Исто така и енергетска интеграција. Значи патна и енергетска интеграција така што за струја, гас, ќе имаме можност да го поврземе целиот регион. Во моментот тоа не е случај, секоја држава си има сопствена гасоводна мрежа, сопствена патна мрежа, и една голема тема во следните пет години, за следната Европска Комисија, е на Западен Балкан, но и генерално на Балканот вклучувајќи ги и Бугарија, Романија, Грција, да имаме заеднички системи на патишта, да може лесно да се минува од една држава во друга, и преку границите, и заеднички систем на енергетика. Тоа е тоа кое што можеме да го направиме.**

Од таа гледна точка, новинарите на пример се во добра позиција, бидејќи вие знаете да правите повеќе работи во исто време".

Оценувајќи ги очекувањата за развој на светската економија и колку трговската војна меѓу Кина и САД од една страна, и зајакнатиот протекционизам, може да биде реална закана за економскиот раст, Дјанков вели дека „оваа трговска војна навистина го забавува глобалниот економски раст, лошо е и за Кина и за САД".

„Но лошо е и за Европа и мислам дека треба да бидеме поактивни, и погласно да предупредиме на ризиците и да кажеме зошто оваа трговска војна треба да запре. Европа засега молчи, а не треба. Ние сме голем трговски партнер, и затоа Европа треба да биде погласна во глобалните текови", истакна Дјанков.